САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
НАУКА И КУЛТУРА
-Собрание на Синдикалниот фонд на СОНК-

# П Р А В И Л Н И К

за Синдикалниот фонд на СОНК

ПРИРАЧНИК бр.9
Скопје, Ноември 2008

# КВИЗ


КОЈ ДАВА БЕСКАМАТЕН КРЕДИТ И НЕПОВРАТНА ПОМОШ?
НИКОЈ!
НЕ ЗНАМ..
СИНДИКАЛЕН ФОНД НА СОНК
1
2
3

Врз основа на член 73, став 2, од Статутот на Самостојниот Синдикат за образование, наука и култура (СОНК), Собранието на Синдикалниот фонд на СОНК на седницата одржана на 25.04.2002 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

за Синдикалниот фонд на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот на издвојување и изворите на средствата, корисниците, основите за користење на правата и друго, на Синдикалниот фонд на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (во понатамошниот текст ФОНД). Синдикалниот фонд нема својство на правно лице.

## II. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**член 2**

Фондот се формира од следните извори :
- Средства издвоени во висина од 0,40% од нето плата на членовите на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура во основните организации кои се членки на Фондот ;

- дел од синдикалната членарина што останува во синдикалните организации кои доброволно ќе уплатат во Фондот ;

- доброволни прилози и подароци на правни и физички лица ;

- спонзорство и донаторство и

- други приходи

**член 3**

Средствата врз основа на член 2 од овој Правилник се уплатуваат на посебна жиро сметка на Синдикалниот фонд на СОНК 270-0000020269-93, даночен број 4030994240332, депонент ИК банка - Скопје.

Уплатувањето на средствата од член 2, алинеа 1 се врши на ниво на синдикална организација на СОНК, а не поединечно.

## III. КОРИСНИЦИ НА ФОНДОТ

**член 4**

Корисниците на средствата на фондот (во понатамошниот текст : корисници на фондот) се сите членови на СОНК во синдикалните организации кои се членки на Фондот.

## IV. ОСНОВИ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ФОНДОТ

### член 5

Средствата од Фондот се користат по следните основи :

- право на парична помош по основ на повреда на работа ;
- право на парична помош по основ подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација ;
- право на парична помош за лекување, набавка на лекови и медицински помагала ;
- право на парична помош по основ пензионирање поради целосна неспособност за работа ;
- право на парична помош по основ на материјална штета од пожар или поплава во домот на живеење ;
- право на парична помош по основ школување на ученици и студенти надвор од местото на живеење ;
- право на парична помош по основ на смрт на член на СОНК ;
- право на користење бескаматен кредит ;

### член 6

Висината на износот на средствата за парична помош и за кредит од претходниот член на овој Правилник (во натамошниот текст : основица) ја утврдува Управниот одбор на Фондот.

ВРАЌАЊЕ ОД БОЛЕДУВАЊЕ



## 1. Право на парична помош по основ на повреда на работа

### член 7

Право на парична помош по основ на повреда на работа се стекнува кога барателот ќе достави пријава за повреда на работа на специјален образец ЕТ-8 што го издава лекарот кој ја утврдил повредата.

Висината на паричната помош од претходниот став изнесува 50% од утврдената основица.

## 2. Право на парична помош по основ на подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација

### член 8

Право на парична помош по основ на подолготрајно боледување и медицинска рехабилитација се стекнува кога барателот ќе достави Оценка за привремена спреченост за работа (боледување) од лекарска комисија на фондот за здравство.

Право на парична помош од претходниот став од овој член се остварува во зависност од должината на боледувањето и тоа :

- од 60-90 дена - 75% од утврдената основица
- над 90 дена - 100% од утврдената основица

ПО ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО



### 3. Право на парична помош за лекување, набавка на лекови и медицински помагала

**член 9**

Во случај на потешка болест за која е потребно лекување или набавка на лекови и медицински помагала корисникот на фондот има право на парична помош од 20% од износот на трошоците што барателот ги плаќа.

Минималниот износ на направените трошоци на барателот треба да биде 250 евра (во денарска противвредност). Оттука произлегува и минималната висина на паричната помош од 50 евра(во денарска противвредност), но максималниот износ да не ја надминува сумата од 1.000 евра (во денарска противвредност).

Пресметката се врши по официјален банкарски курс на денот на исплатата.

### 4. Право на парична помош по основ пензионирање поради целосна неспособност за работа

**член 10**

Поради пензионирање по основ на целосна неспособност за работа, корисникот на фондот има право на еднократна парична помош во износ на основицата.

Како потребен документ за остварување на правото од претходниот став е решение за одење во пензија по основ на целосна неспособност за работа.

## 5. Право на парична помош по основ на материјална штета или поплава во домот на живеење

### член 11

При пожар или поплава во домот на живеење кога корисникот на Фондот има претрпено потешка материјална штета има право на еднократна парична помош, во зависност од висината на штетата и тоа :

- до 5 плати - половина од основицата
- од 6-15 плати - во висина од една основица
- 16-25 плати - во висина од две основици
- над 25 плати - во висина од три основици

За пожар или поплава предизвикани од елементарна непогода (масовна или поради воени дејствија) не се исплатува надомест ;

Парична помош се исплаќа врз основа на соодветна документација за претрпена штета издадена од овластен орган со извршена процена.

## 6. Право на парична помош по основ на школување на ученици и студенти надвор од местото на живеење

### член 12

За ученици и студенти, деца на корисници на Фондот, кои се школуваат во Република Македонија, но не поблиску од 35 км. од местото на живеење, на нивните родители им се доделува еднократна парична помош за една учебна година во износ што го утврдува Управниот одбор на Фондот.


ИМАМ ТОЛКУ ПРИЈАТЕЛИ А НИКОЈ НЕ МОЖЕ ДА МИ ПОЗАЈМИ НИТУ ДЕНАР
Е, ПА КОЛЕГА ИМАМЕ ЕДЕН ЗАЕДНИЧКИ ПРИЈАТЕЛ КОЈ ПОЗАЈМУВА – ФОНДОТ НА СОНК

За добивање помош од став 1 потребно е да се поднесат следниве документи :

1. Барање од барателот и мислење од претседателот на ОО на СОНК (Образец СОНК-3 и Образец СОНК-4)
2. Фотокопие од личната карта на членот на СОНК
3. Фотокопие од членската карта на членот на СОНК
4. Потврда за ученикот за запишана учебна година, односно за студентот за запишан зимски семестар
5. Извод од матичната книга на родените за ученикот односно студентот

Барањата за добивање еднократна помош се доставува до 30 септември (за ученици), односно до 31 октомври (за студенти, бруцоши и апсолвенти).
За останатите години рокот на пријавување е до крајот на месец февруари.

По овие рокови не се примаат документи.

Помош не се дава на вонредни ученици и студенти ; за школување во странство; за постдипломци; за ученици и студенти кои годината ја запишуваат по втор пат и за студенти кои условно го запишуваат зимскиот семестар, т.е. кои немаат ликвидирано претходна година.

## 7. Право на парична помош по основ на смрт на член на СОНК

### член 13

Во случај на смрт на член на СОНК семејството на починатиот корисник на Фондот има право на еднократна парична помош во висина на основицата.

(1)




(2)



## 8. Право на користење на бескаматен кредит

### член 14

Во случај на загрозена материјална состојба во семејството, членот има право на бескаматен кредит.

Враќањето на кредитот ќе се врши во рати што ќе ги утврди Управниот одбор на Фондот, почнувајќи од првиот нареден месец по добивањето на кредитот.

Доколку во една синдикална организација во исто време побараат кредит повеќе од тројца членови, тогаш претседателот на синдикалната организација изготвува приоритетна листа, која се приложува со барањата.

Кредитот се одобрува по лично барање (писмено) на членот со кое се приложува мислење на синдикалната организација за оправданоста од добивањето на кредитот (Образец СОНК-3 и СОНК-4).

Одобрениот кредит може да се користи само со менично покритие.

Членот на СОНК, по правило има право на користење кредит еднаш во календарската година.

### член 15

Во случај на инфлација, месечната рата на кредитот се зголемува за процентот на порастот на платите во дејностите на соодветниот месец, но не повеќе од порастот на инфлацијата за месецот за кој се плаќа ратата.

# V. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

**член 16**

Секој член на СОНК има право лично да поднесе барање за остварување на некое право утврдено со овој Правилник, освен по основ на смрт на член на СОНК за кое барање поднесува член на неговото семејство.

Барањето за остварување на правото на парична помош се смета за застарено доколку биде доставено после 60 дена од денот на завршување на основот, со исклучок на основот од член 12 од овој Правилник.
За секој основ поединечно, корисникот на фондот може да добие помош еднаш во текот на календарска година.

**член 17**

По барањето за остварување на право од Синдикалниот фонд на СОНК одлучува Претседателот на СОНК. Доколку барателот е незадоволен од донесената одлука по неговото барање има право на приговор до Управниот одбор на Фондот, чија одлука по приговорот е конечна.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 18**

Усвоениот извештај од работата на Фондот и Извештај за Финансиското работење на Фондот, Собранието на Фондот ги доставува до членките на нивно информирање.

**член 19**

Стручните и административно-техничките работи за Синдикалниот фонд ги води Стручната служба на СОНК.

**член 20**

Измени и дополнувања на овој Правилник во постапка во која е донесен, врши Собранието на Фондот.

**член 21**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето

**член 22**

Со стапувањето на сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот од 20.12. 2000 година.

Претседател,
Дојчин ЦВЕТАНОСКИ с.р.